**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР**
**GJYKATA E APELIT GOSTIVAR**

Ул. Живко Брајковски бр.1, 1230 Гостивар / тел: 042-221-544 / info@asgostivar.mk
Rr. Zhivko Brajkovski nr.1, 1230 Gostivar / tel: 042-221-544 / info@asgostivar.mk

**СУ.бр.343/20**
**31.12.2020 година**
**ГОСТИВАР**

Врз основа на член 112 од Судскиот деловник ("Службен весник на РМ", бр.66/2013), а по претходно прибавено мислење од седницата на судиите на Апелациониот суд Гостивар, Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, судијата Беким Мехмеди, денес на ден 31.12.2020 година, го утврдува следниот:

# ГОДИШЕН РАСПОРЕД

за работата на судиите и останатите вработени во
Апелациониот суд Гостивар за 2021 година

Апелациониот суд Гостивар, судската функцијата ја извршува со **11** судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Согласно Одлуката на Судскиот совет на РСМ во овој суд утврдено е судската функција да ја вршат 16 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Апелациониот суд Гостивар, функцијата ја извршува со **32** судски службеници, и тоа: **1(еден)** Раководител на служба, **1(еден)** Раководител на одделение по информатика, **7(седум)** Судски советници, **1(еден)** советник информатичари, **2(два)** судски соработници**,** **5(пет)** помлади судски соработници, **2(два)** Соработници преведувачи - толкувач, **1(еден)** помлад соработник – економист, **1(еден)** самостоен референт - сметководител, **1(еден)** самостоен судски референт во одделение по информатика, **1(еден)** виш судски референти во писарница на кривичниот оддел, **1(еден)** помлад судски референт во писарница на граѓанскиот оддел, **1(еден)** виш судски референт во судската архива, **5(пет)** судски референти – дактилографи.

Апелациониот суд Гостивар, согласно одредбите од ЗРО има вработено **1(еден)** возач и **1(еден)** хигиеничар.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во овој суд утврдено е 110 - извршители судски службеници, 10 - извршители технички персонал и 8 - извршители во судската полиција.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, во судската служба се пополнети **33** работни места, додека **1 (едно)** работно место помлад судски соработник е на мирување до 11.02.2022 година, во судската полиција не е пополнето ниедно работно место.

Вкупно во овој суд се непополнети 95 работни места.

Поради навремено и ефикасно решавање на предметите и ефикасно и ефективно обавување на функцијата на судот, имајќи го во предвид и досегашниот период на функционирањето на судот, Претседателот на судот го предлага следниот распоред за работа на Апелационен суд Гостивар за 2021 година:

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

### I.

Согласно Законот за судовите, Претседателот на судот го претставува судот, ја организира и презема мерки за уредно вршење на работата во судот заради што ја обезбедува примената на Судскиот деловник (”Службен весник на РМ”, бр.66/2013).

Претседателот на судот во Кривичниот совет по постапка по жалба во втор степен постапува:

– по уписник **”КСЖ”, ”КР”** и **”Р”,**

Постапува по предмети евидентирани во судската управа, и тоа за:

- предмети од уписник **- ”СУ”;**

- доверливи предмети од уписник **- ”СУ-ДОВ”;**

- строго доверливи предмети од уписник **- ”СУ - СТР - ДОВ”;**

- евиденција на претставки и поплаки од уписник **- ”УПП”;**

Претседателот ги свикува седниците на судиите најмалку еднаш месечно, на кои седници се разгледуваат месечните, тромесечните, шестмесечните и едногодишните извештаи за работата на судот, бројот на решени предмети - исполнување на ориентационата норма, совладување на приливот на предметите, решавање на старите нерешени предмети, како и други прашања кои се наметнуваат во врска со работата на судот и со работата на основните судови од подрачјето на овој суд.

Презема соодветни мерки, согласно Законот за судовите и Судскиот деловник, поради решавање и судење на предметите во разумен рок, презема дејствија и по однос на податоците кога е примен предметот, дали е решен во определениот рок предвидени со процесните закони како и по однос на рокот на изготвувањето на одлуките, односно пресуди, врши и други работи

предвидени во Законот за судовите и Судскиот деловник и по барање на повисоките правосудни институции, изготвува извештаи и други информации по однос на работата на судот.

За заменик на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар се определува судијата Велко Страшевски.

Покрај редовната судиска работа, Заменикот на Претседателот на судот, во отсуство на Претседател на судот или негова спреченост, во целост ја обавува функцијата Претседател на судот.

## СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР

**II.**

Согласно член **16** од Законот за судска служба, Судскиот администратор на Апелациониот суд Гостивар раководи со Судската служба на судот, одговорен е за остварување и вршење на стручните и административно - техничките работи во судот, соработува со Претседателот на судот во вршењето на работите од судската управа и во спроведувањето на Судскиот деловник, работи и работни задачи предвидени во Законот за управување со движењето на предметите во судот, работи и работни задачи предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во судот, извршува и други работи и работни задачи кои ќе му ги довери Претседателот на судот.

Работното место судски администратор е празно поради заминување во старосна пензија на судскиот администратор,  а до избот на судски администратор на судот, се распоредуваат да ги вршат работите и работните задачи на судскиот администратор, Раководителот на служба Полумбеша Сефери и судскиот соработник Седула Мемеди.

## ОДДЕЛИ ВО СУДОТ

**III.**

Во Апелациониот суд Гостивар, во кривичната и граѓанската област, во жалбена постапка во втор степен, предметите по АКМИС системот се евидентираат под следните уписници - ознаки, и тоа:

- второстепени кривични предмети - во уписник **”КЖ”,**
- второстепени кривични предмети во постапка против малолетници - во уписник **“КЖМ”;**
- второстепен Кривичен совет - во уписник **”КСЖ”,;**
- второстепени прекршочни предмети - во уписник **”ПРКЖ”,**
- разни второстепени кривични предмети - во уписник **”КР”,**
- второстепени граѓански предмети - во уписник **”ГЖ”,**
- второстепени предмети по трговски спорови - во уписник **”ТСЖ”,**
- второстепени предмети по спорови од работен однос - во уписник **”РОЖ”,**
- разни второстепени граѓански предмети во уписник **”Р”.**

**Судиите во Кривичниот Оддел се распоредени да работат и да постапуваат во следните совети:**

- **кривичниот** совет по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети за повторување на кривичната постапка евидентирани по АКМИС системот, заведени по успиник ”КСЖ”.

- **првиот** кривичен совет по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети евидентирани по АКМИС системот, заведени по уписник “КЖ” и “ПРКЖ”;

- **вториот** кривичен совет по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети евидентирани по АКМИС системот, заведени по уписник “КЖ” и “ПРКЖ”;

- **третиот** кривичен совет по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети од малолетничка правда евидентирани по АКМИС системот, заведени по усписник “КЖМ”;

- **четвртиот** кривичен совет по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети евидентирани по АКМИС системот, заведени по уписник ”КСЖ”, ”КР” и ”Р”.

- **кривичниот** совет од петмина судии по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети евидентирани по АКМИС системот, заведени по успиник ”КЖ”.

**Судиите во Граѓанскиот Оддел се распоредени да работат и да постапуваат во следните совети, и тоа:**

- **првиот** граѓански совет по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети евидентирани по АКМИС системот, заведени по уписник “ГЖ”,

- **вториот** граѓански совет по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети евидентирани по АКМИС системот, заведени по уписник “ГЖ”,

- **третиот** граѓански совет по постапка по жалба во втор степен постапува по трговски и работни спорови евидентирани по АКМИС системот, заведени по уписник “ТСЖ” и “РОЖ”.

- **граѓнскиот** совет по постапка по жалба во втор степен постапува по предмети за надомест на штета, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета евидентирани по АКМИС системот, заведени во уписник “ГЖ”,

**- граѓански** совет по постапка по жалба во втор степен постапува по евидентирани стечајни предмети по АКМИС системот, заведени по уписник “ТСЖ”.

**Во Апелациониот суд Гостивар, согласно член 12 од Законот за судовите, во врска со член 66 од Судскиот деловник формирани се следните оддели и одделенија:**

**- Кривичен Оддел со специјализиран совет;**
**- Граѓански Оддел, со специјализиран совет;**
**- Оддел за судска практика и евиденција;**
**- Одделение за стручна служба;**
**- Одделение за информатика;**
**- Одделение за односи со јавност;**
**- Одделение за материјално - финансиско работење; и**
**- Одделение за човечки ресурси;**

## *I. <u>КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>*

Во кривичниот Оддел се решаваат предмети евидентирани по АКМИС системот од:

- упсисник **”КЖ”,** вторстепени кривични предмети;
- уписник **”КЖМ”,**вторстепени кривични предмети во постапка против малолетници;
- уписник **”КСЖ”,** второстепени предмети од Кривичен Совет;
- уписник **”КР”,** разни второстепени кривични предмети; и од
- уписник **”ПРКЖ”,** второстепени прекршочни предмети.

За Претседател на Кривичниот Оддел се определува судијата Абдулбари Рамадани.

Претседателот на кривичниот Оддел изготвува програма и годишен извештај за работата на одделот коишто по претходно усвојување на одделот го доставува до Претседателот на судот.

### 1. КРИВИЧЕН СОВЕТ.

Кривичниот Совет е составен од следните судии:

**1.** Беким Мехмеди,Претседател на судот, за Претседател на Советот;
**2.** Шефајет Хајдари, судија, за Член на Советот;
**3.** Ѓерасим Ѓерасимовски , судија, за Член на Советот.

За заменик на Претседателот на Кривичниот Совет се определува судијата Шефајет Хајдари кој е и прв член на советот.

За заменик на првиот член се определува судија Абдулбари Рамадани, а за заменик на вториот член на Советот се определува судија м.р Велко Страшевски.

За членови на Кривичниот совет во постапка за повторување на кривичната постапка во која е донесена одлука од Апелациониот суд Гостивар во состав од петмина судии, како претседател на советот и членови на истиот се определува по одлука на Претседателот на судот, а по автоматска распределба на тие предмети кај судиите од граѓанскиот оддел, тоа од како ќе се утврдува дека, по истите предмети не може никој од судиите во кривичниот оддел да постапува.

Судиите од граѓанскиот оддел во овој совет по предмети за кои се заведуваат во Апелациониот суд Гостивар по жалба по кој е одлуката на првостепениот суд, по барање за повторување на кривичната постапка, ќе постапуваат по пат на ротација, така што секој од судиите сразмерно ќе учествува во работата на овој совет.

**<u>Во кривичниот Оддел се формираат следните совети</u>:**

**А. Првиот Кривичен совет е составен од судиите:**

**1.** Абдулбари Рамадани, судија, за Претседател на советот;
**2.** Шефајет Хајдари, судија, за Член на Советот;
**3.** _______________, судија, за Член на Советот.

Третиот член на Првиот трichлен кривичен совет се определува по пат на ротација, така што при секое судење во Првиот трichлен кривичен совет ќе учествува еден од членовите на Вториот трichлен кривичен совет.

**Б. Вториот кривичен совет е составен од судиите:**

**1.** Ѓерасим Ѓерасимоски, судија, за Претседател на Советот;
**2.** ___________________, судија, за Член на Советот;
**3.** ___________________, судија, за Член на Советот.

Вториот и третиот член на Вториот трichлен кривичен совет се определува по пат на ротација, така што при секое судење во вториот и третиот трichлен кривичен совет ќе учествуваат членовите на Првиот трichлен кривичен совет.

**Ц. Кривичниот совет за малолетници составен е од судиите:**

**1.** Ѓерасим Ѓерасимоски, судија, за Претседател на Советот;
**2.** Абдулбари Рамадани, судија, за Член на Советот;
**3.** Шефајет Хајдари, судија, за Член на Советот.

**Д. Во петтчлениот Кривчен совет постапуваат следните судии:**

**1.** Шефајет Хајдари**,** судија, за Претседател на Советот;
**2.** Абдулбари Рамадани, судија, за Член на Советот;
**3.** Ѓерасим Ѓерасимоски, судија, за Член на Советот;
**4.** ___________________, судија, за Член на Советот;
**5.** ___________________, судија за Член на Советот.

Четвртиот и петиот член на петчлениот кривичен совет ќе се определи, со одлука на претседателот на судот, од судиите на граѓанскиот област.

Во случај Претседателот на петтчлениот Кривичен совет да биде спречен да постапува во работата на советот, на негово место ќе постапува судијата Ѓерасим Ѓерасимовски, а на негово место како трет член на овој совет, ќе постапува судија кој ќе биде определен со одлука на претседателот на судот.

Во кривичниот оддел, по постапка по жалба во втор степен, судиите кои се распоредени да постапуваат и одлучуваат по кривични предмети, должни се да постапуваат и одлучуваат и по прекршочните предмети.

**Во Кривичниот Совет се распоредува следниот судски службеник:**

**1.** Полумбеша Сефери;

**Во Првиот трichлен кривичен совет, распоредени се следните судските службеници:**

**1.** Весна Илиќ;
**2.** Милиат Јашари;
**3.** Иљаз Адеми.

**Во Вториот тричлен кривичен совет, распоредени се следните судските службеници:**

**1.** Мјафтиме Незири;
**2.** Дритон Османи;

**Во кривичниот совет за малолетничка деликвенција распореден е следниот службеник;**

**1.** Весна Илиќ;

**Во Кривичниот совет од петмина судии за записничар се определуваат:**

- сите судски службеници кои се распоредени во кривичен оддел и дактилографите.

**Во тричлениот кривичен совет за повторување на кривичната постапка за записничар се определуваат:**

- сите судски службеници кои се распоредени во кривичен оддел.

## *II. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ*.

**Во граѓанската област се формираат следните оддели:**

- Граѓански оддел;
- Оддел за судска практика.

**Во граѓанскиот Оддел се решаваат предмети од:**

- уписник **"ГЖ",** второстепени граѓански предмети;
- уписник **"ТСЖ",** второстепени трговски спорови;
- уписник **"РОЖ",** второстепени работни спорови; и од
- уписник **"Р",** разни второстепени граѓански предмети.

За Претседател на граѓанскиот Оддел се определува судијата Велко Страшевски.

Претседателот на граѓанскиот Оддел изготвува програма и годишен извештај за работа на одделот којшто по претходно усвојување на одделот ги доставува до Претседателот на судот.

**Во граѓанскиот Оддел се формираат следните совети:**

**А. Првиот граѓански совет составен е од судиите:**

**1.** Велко Страшевски, судија, за Претседател на советот;
**2.** Али Алиу, судија, за Член на Советот;
**3.** __________, судија, за Член на Советот.

Третиот член на првиот тричлен граѓански совет ќе се определи по барањето на претседателот на советот, со одлука на претседателот на судот.

**Б. Вториот граѓански совет составен е од судиите:**

**1.** Африм Јакупи, судија, за Претседател на советот;
**2.** Златко Анѓелкоски, судија, за Член на Советот;
**3.**________________________, судија, за Член на Советот.

Третиот член на вториот тричлен граѓански совет ќе се определи по барањето на претседателот на советот, со одлука на претседателот на судот.

**Ц. Третиот граѓански совет за трговски и работни спорови е составен од судиите:**

**1.** Рафис Идризи, за Претседател на советот;
**2.** м.р Лилјана Ицкова, за Член на Советот;
**3.** Изет Исмаили, за Член на Советот.

**Д. Советот кој постапува по предмети за надомест на штета, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета евидентирани по АКМИС системот, составен е од судиите:**

**1.** м.р Лилјана Ицкова, судија, за Претседател на советот;
**2.** м.р Велко Страшевски, судија, за Член на Советот;
**3.** м.р Африм Јакупи, судија, за Член на Советот.

**Е. Советот кој ќе постапува по стечајните предмети е составен од судиите:**

**1.** Изет Исмаили, за Претседател на Советот;
**2.** м.р Лилјана Ицкова, за Член на Советот;
**3.** Рафис Идризи, за Член на Советот.

**Во првиот граѓански совет се распоредуваат следните судските службеници:**

**1.** Леонора Јакупи;
**2.** Арѓент Јакупи;
**3.** Вјоса Ајдари;.

**Во вториот граѓански совет се распоредуваат следните судските службеници:**

**1.** Сашо Николоски;
**2.** _____________.
**3.**______________**.**

**Во третиот граѓански совет за трговски и работни спорови се распоредуваат судските службеници:**

**1.** Александар Дуроски;
**2.** Арјета Иљази;
**3.** Нагип Бајрами.

**Во советот кој постапува по предмети за надомест на штета, согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета евидентирани по АКМИС системот, се распоредува следниот судскиот службеник:**

**1.** Леонора Јакупи;

**Во советот кој ќе постапува по стечајните предмети се распоредува следниот судскиот службеник:**

**1.** Александар Дуроски.

## *III. <u>ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА</u>*.

**За Претседател и за заменици на претседателот на Одделот за судска пракса се определуваат следните судии:**

1. Шефајет Хајдари, судија, за претседател на Одделот;
2. Велко Страшевски, судија, за заменик на претседателот на Одделот;
3. Абдулбари Рамдани, судија, за заменик на претседателот на Одделот.

Одделот за судска практика ја усогласува работата на сите судски оддели во судот, а за извршување на задачите кои што се однесуваат на евиденција и проучување на судската практика.

Одделот за судска практика согласно Судскиот деловник е должен да донесе план за следење на судската практика. Претседателите на сите оддели во судот се должни да ги доставуваат правните мислења и заклучоци до претседателот на овој оддел. Претседателот на овој оддел определува начин на кој одделот ги евидентира правните мислења прифатени на седницата на одделот. Претседателот на одделот го определува начинот на евидентирање и објавување на судската практика.

Претседателот на Одделот изготвува програма и годишен извештај за работа на одделот којшто по претходно усвојување на седница на судии го доставува до Претседателот на судот.

**Во Одделот за судска практика се распоредуваат следните судските службеници:**

1. Полумбеша Сефери.
2. Арѓент Јакупи.

## СЕДНИЦА НА СОВЕТИ

## IV.

Во судот седниците на советите се запишуваат во времето што ќе го определи претседателот на советот, а за да може најрационално да се користи работното време и да се постигне ефикасност и ажурност во работата на судот. Во случај на спречување на членот на советот да постапува, Претседателот на судот или неговиот заменик со решение определува дополнителен член на советот при што ќе се внимава на подеднаква оптовареност на судиите.

Со оглед дека, судот има и користи само една судница, јавните седници во советите од кривичниот Оддел ќе ги закажува претседателот на соодветниот совет во деновите определени

за одржување на седница на советот, во координација со претседатели на совети кои во истиот ден одржуваат седници и истите ќе бидат пријавени кај техничкиот секретар на Претседателот на судот.

Кривичните совети нејавните седници ги одржуваат во среда и во четврток а јавните седници и седниците на Советот од петтмина судии, се одржуваат во вторник, по потреба, зависно од итноста на предметот и во друг ден. Претрес во втор степен или јавна седница определува претседателот на Советот. Седниците на советите ќе се одржуваат во судницата на овој суд.

Судијата за малолетници го определува денот и часот на одржување на седниците по кривичните предмети спрема малолетници.

Јавните седници во совет од петтмина судии се пријавуваат кај техничкиот секретар на претседателот на судот. Бидејќи судот има и користи само една судница, расправите во советите од граѓански Оддел ќе ги закажува претседателот на соодветниот совет во деновите определени за одржување на седница на советот во координација со претседатели на совети кои во истиот ден одржуваат седници и истите ќе бидат пријавени кај техничкиот секретар на Претседателот на судот.

Граѓанските совети нејавните седници ги одржуваат во вторник и во петок, додека јавните седници ги одржуваат во среда. За седниците на совети во АКМИС системот се заведуваат следните податоци:

- состав на советот;
- број на предметот;- видот на одлуката;
- датумот на одржување на седницата на советот; и

- други дејствија предвидени со одредбите од процесните закони во врска со советувањето и гласањето по предметите (како издвојување на мислења од член на советот, присуство на странки и друго).

Советувањето и гласањето при решавањето на предметите е нејавно и на него учествуваат само членовите на советот и записничарот.

Со оглед на тоа што одлуките се донесуваат на нејавни седници, истите од страна на членови на советот, стручниот кадар и другите судски и админитративно - техничкиот персонал во судот не може да се соопштуваат се додека предметот не се експедира до соодветниот основен суд.

Против службено лице за кое во соодветна постапка ќе се утврди дека соопштило одлука пред да предметот биде експедиран до соодветниот основен суд, ќе бидат преземени најстроги дисциплински мерки во согласност со Законот и правилниците.

Во други посебни книги ќе се евидентираат нови карактеристични правни становишта по одредени правни прашања за кои ќе се запознаат останатите совети од иста област, а по потреба ќе се иницираат правни прашања на соодветниот оддел, ќе се забележува погрешна примена на процесно и материјалното право од првостепените судови што се карактеристични за укажување при работните посети на основните судови, посебно за причините на одолговлекување на постапката во првостепените предмети како и други работи значајни за

изедначување на судската практика и за унапредување на работата во функционирање на судовите.

Од страна на судиите не се дозволени објаснувања во однос на неправилности на судските дејствија, одлуките како и искажувања за евентуалниот исход на спорот, а судиите на странките не смеат да даваат правна помош и мислење за евентуални спорови како во иднина би се исклучило барањето за изземање од судиите по основ на тоа дека на одредена странка дадени му се правни совети и слично.

Укинатите предмети од двата оддели кои повторно се вратат на работа по постапка по жалба пред овој суд, како и административно вратени предмети на првостепените судови по нивното враќање во Апелациониот суд Гостивар, ќе ги работат истите судии кај кои претходно биле распоредени во работа пред укинувањето и пред административно враќање на предметите, со исклучок доколку тие судии кои постапувале по тие предмети, со нов распоред за работа не бидат префрлени во други совети, како и предметите кои повторно доаѓаат во жалбена постапка а ги работеле судии кои повеќе не работат, ќе се распоредуваат кај други судии по утврдениот електронски распоред (АКМИС - програмата), а во зависност од областа на предметите и распоредот на судиите по совети.

Судиите поротници кои треба да учествуваат во работата на кривичните и граѓанските совети ќе бидат повикувани од страна на техничкиот секретар на претседателот на судот, на писмено барање на судијата известител, а за тоа ќе се води и посебна евиденција согласно судскиот деловник.

## СЕДНИЦА НА ОДДЕЛИ

## V.

Седниците на одделите ќе се одржуваат по потреба и ќе се применуваат одредбите од член 66 до член 75 од Судскиот деловник.

На седниците на одделите ќе се разгледуваат:

- правни прашања кои се иницираат од судија, советник,
- стручен соработник, заради заземање на одредени правни становишта по спорни правни прашања и изедначување на судската пракса;
- иницирање на правни прашања од соодветната област за состаноци на апелациони судови во земјата поради изедначување на судската пракса;
- разгледување на правни прашања од основни судови на подрачјето на Апелационен суд Гостивар;
- разгледување на нацрт; -закони и предлози за изменување и дополнување на закони;
- разгледување на анализи, информации и укажувања кои се доставуваат до соодветните институции;
- разгледување на одлуки донесени од Врховниот суд на РСМ, по редовни и вонредни правни средства, како и разгледување на одлуките донесени по повод барањата на странките во врска со повредата на правото на судење во разумен рок;
- разгледување на работата на одделите во текот на годината и разгледување на извештајот за работа на одделот на крајот на годината;
- разгледување и одобрување на материјалите што треба да бидат предмет на разгледување во тркалезна маса на апелационите судови и

- други работи кои ќе се јавуваат во текот на работата а кои се неопходно потребно да се стават на дневен ред на одделот.

Записникот ќе го води записничар определен од претседателот на одделот.

## РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ
## -СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ –

## VI.

Во текот на 2021 година, судските службеници и други административно - технички работници, ќе работат според следниот распоред:

**1.** Мирјана Петровска, раководител на одделение по информатика;
**2.** Севдали Селмани, советник инжинер информатичар;
**3.** Редифе Р.- Јусуфи, соработник преведувач толкувач;
**4.** Беса Имери, соработник преведувач толкувач;
**5.** Сејхан Ќерала, помлад соработник, одделение за материјално-финансиско работење;
**6.** Мирче Марковски, самостоен референт, сметководител;
**7**. Антонио Антониевски,самостоен референт во одделение по имформатика;
**8.** Шпреса Османи, виш судски референт, во писарница на кривичен оддел;
**9.** Наил Беќири, помлад судски референт во писарница на граѓански оддел;
**10.** Љубомир Пауновски, помлад судски соработник ги води уписниците ПРКЖ;
**11.** Уриме Бајрами, виш судски референт, во судска архива;
**12.** Силвана Јовановска, судски референт - дактилограф;
**13.** Севдије Шехи, судски референт - дактилограф;
**14.** Викторија Делеска, судски референт - дактилограф;
**15.** Неџбије Беќири, судски референт - дактилограф;
**16.** Даниела Димитријевска, судски референт - дактилограф;
**17.** Берат Фејзули, возач;
**18.** Мимоза Бејни, хигиеничар.

Имплементацијата на АКМИС-системот во судот се извршува преку информатичарите Мирјана Петровска и Севдали Селмани, која ги отстранува мрежните дефекти и приклучување на работните станици во домаин и воспоставување на истите постоечки капацитети за работа, што се подразбира сервисирање на старите компјутери и отстранување на дефекти како и вклучување на сите работни станици во мрежа, врши прием на е-маил доставата и други работи во врска со евидентирањето на податоци во работењето на судот.

Во судската Писарница, електронските уписници содржани во системот АКМИС, а согласно Судскиот деловник, ги водат и автоматската распределба на предмети ја вршат следните судски службеници,

**-** Шпреса Османи, виш судски референт во Писарница на кривичен оддел, ќе го води уписникот “КЖ”, “КЖМ” “КСЖ” и “КР” и ќе врши автоматска распределба на предмети по судии;
**-** Љубомир Пауновски, помлад судски соработник во Писарница на кривичен оддел, ќе го води уписникот “ПРКЖ” и ќе врши автоматска распределба на предмети по судии; и
**-** Наил Беќири, помлад судски референт во Писарница на граѓански оддел, ќе го води уписникот “ГЖ”,“ТСЖ”,“РОЖ” и “Р” и ќе врши автоматска распределба на предмети по судии.

- уписниците “СУ”, “УПП”, “СУ-ДОВ”, “СУ-СТР-ДОВ” и “СПИ“ ќе ги води до пополнувањето на работното место Судски администратор, со одлука Су.бр.216/20 од 06.08.2020 година, е определен судскиот службеник Садула Мемеди.

Распоредот на предметите во кривичниот и граѓанскиот Оддел ќе се врши компјутерски како што е определен во компјутерската програма согласно ситемот АКМИС, но покрај заведување и разведувањето во компјутерската евиденција, ќе се водат и уписници за физичко примање и предавање на предметите.

Судскиот советник Алескандар Дуроски со решение Су.бр.0301-12/2011 од 16.01.2011 година е определен за службено лице за посредување при остварувањето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер при овој суд , па согласно ова решение судскиот службеник е овластен да ги води предметите кои се заведуваат во Уписник “**СПИ”**.

Судскиот советник Сашо Николоски со решение Су.бр.269/20 од 24.09.2020 година е определен за службено лице - офицер за заштита на личните податоци на вработените во Апелациониот суд Гостивар.

Судскиот советник Арјета Иљази со Одлука СУ.бр.341/2018 од 12.11.2018 год. се определува за службено лице за имплементација и одржување на Системот за управување со кавлитет **ISO 9001:2015** и да раководи со – Тимови од претставници на раководството за квалитетот (ТПРК), кои покрај редовните работни задачи, ќе бидат задолжени за координација на активностите во процесот на воведување и одржување на Системот за управување со квалитет, согласно стандардот **ISO 9001:2015.**

Во овој суд задолжени и одговорни да анонимизираат и објавуваат судски одлуки во ВЕБ страната на судот и нивно евидентирање во АКМИС системот, се судските референти – дактилографи:

- Силвана Јованоска;
- Севдије Шехи;
- Неџбије Беќири;
- Викторија Делеска; и
- Даниела Димитријевска.

Дактилографите вршат анонимизирање на одлуките на судиите во совет за кој се распоредени да работат во тековниот месец.

**I. Одлуките на Претседателот на судот, должен и одговорен е да ги анонимизира и објавува во ВЕБ страната на судот секој дактилограф, без оглед каде е распореден во тековниот месец.**

1. По правосилноста на одлуката, во рок од два дена задолжително да се врши анонимизирањето и објавувањето во ВЕБ страната на судот.

2. Во овој суд одговорен за подготвување на извештај во врска со објавените судски одлуки на ВЕБ страна на судот, е:

- Раководител на одделение по информатика - Мирјана Петровска,
- судскиот советник - инженер информатичар - Севдали Селмани и
- самостоен судски референт - Антонио Антониевски

3. Контрола и надзор на објавени одлуки во ВЕБ страна на судот, ја врши Раководителот на служба Полумбеша Сефери и Раководителот на одделение по информатика Мирјана Петровска .

**II. Контрола и надзор на анонимизирани одлуки донесени од судии распоредени да постапуваат и одлучуваат по постапка по жалба во втор степен во Кривичниот оддел.**

**1.** Контролата и надзорот на анонимизирани одлуки на Кривичниот совет донесени од Претседателот на судот Беким Мехмеди и судиите Ѓерасим Ѓерасимовскии Шефајет Хајдари ја врши Раководителот на служба Полумбеша Сефери;

**2.** Контролата и надзорот на анонимизирани одлуки на првиот тричлен кривичен совет, ја вршат, и тоа:

**-** судскиот советник Весна Илиќ и помлад судскиот соработник Иљаз Адеми– вршат контрола и надзор на анонимизирани одлуки донесени од судијата Абдулбари Рамадани;
**-** судскиот советник Весна Илиќ вршат контрола и надзор и на анонимизирани одлуки донесени од судиите на Кривичниот совет од петмина судии.

**3.** Контрола и надзор на анонимизирани одлуки донесени во вториот тричлен кривичен совет ја вршат.

**-** судскиот советник Мјафтиме Незири и Дритон Османи – вршат контрола и надзор на анонимизирани одлуки донесени од судијата Ѓерасим Ѓерасимоски;
**-** судските советници Дритон Османи и Мјафтиме Незири вршат контрола и надзор и на анонимизирани одлуки донесени од судија кој по ротација се определува како трет член на вториот тричлен кривичен совет.

**III. Контрола и надзор на анонимизирани судски одлуки донесени од страна на судиите распоредени да постапуваат и одлучуваат по постапка по жалба во втор степен во Граѓанскиот оддел.**

**1.** Контролата и надзор на судски одлуки анонимизирани од дактилографите, ја вршат судските соработници.

**2.** Контрола и надзор на анонимизирани одлуки на првиот тричлен граѓански совет, ја вршат:

**-** судскиот советник – Леонора Јакупи – врши контрола и надзор на анонимизирани одлуки на првиот тричлен граѓански совет донесени од судите Велко Страшевски и Али Алиу;
**-** помладиот судски соработник – Арѓент Јакупи и Бјоса Ајдари помага при контрола и надзор на анонимизирани одлуки на Првиот тричлен граѓански совет;

**3.** Контрола и надзор на анонимизирани одлуки на Вториот тричлен граѓански совет, ја вршат:

**-** судскиот советник Сашо Николоски – врши контрола и надзор на анонимизирани одлуки на Вториот тричлен граѓански совет, донесени од судиите Африм Јакупи и Златко Анѓелкоски.

**4.** Контрола и надзор на анонимизирани одлуки на Третиот тричлен граѓански совет за трговски и работни спорови, ја вршат:

- судскиот советник Александар Дуроски – врши контрола и надзор на анонимизирани одлуки на Третиот трички граѓански совет за трговски и работни спорови, донесени од судиите Рафис Идризи, Лилјана Ицкова и Изет Исмаили.

- судскиот советник – Ариета Иљази помага при контрола и надзор на анонимизирани одлуки на Третиот тричлен граѓански совет за трговски и работни спорови;

- помладиот судски соработник – Нагип Бајрами помага при контрола и надзор на анонимизирани одлуки на Третиот тричлен граѓански совет за трговски и работни спорови;

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

По наредба на Претседателот на судот, со оглед дека не се пополнети работните места согласно Актот за систематизација, вработените во овој суд ќе вршат и други работи по овластување на Претседателот на судот.

Во текот на годината, Претседателот на судот може да врши измени или дополнување на овој распоред, согласно најавените потреби, но, и зависно од пополнувањето на работните места.

Распоредот да им се достави на судиите на Апелациониот суд Гостивар, на уписничарите во судската Писарница, на Судскиот администратор, додека останатите вработени на судот да се запознаат со Распоредот со потпис на примерокот што останува во судската Архива.

Овој Распоред ќе се применува од **01 Јануари 2021 година**.

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Bekim Mehmedi

**<u>Примерок од Распоредот да се достави до</u>:**

Судски совет на РСМ;
Судиите и судската служба;
Архива на судот.

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Bekim Mehmedi